u6116

ДНЕВНИК, ВТОРНИК, 7 ДЕКЕМВРИ 1999 , 1123,

ИНИЦИЈАТИВА

# Наместо трговци-поединци, самостојните ќе се викаат индивидуални уметници

## Министерот Димитров го прифатил предлогот за преименување и наложил да се изврши амандманска измена во Законот за култура

ЛИЛЈАНА ГРЦО ДАМОВСКА

Авторите што самостојно се занимаваат со уметност најверојатно ќе се викаат ндивидуални уметници, а не трговци-поединци, како што се именувани во Законот за култура. Промената на името ја предложил самостојниот уметник Венјамин Хаџи Наумов на последната седница на Советот за култура при ресорното министерство. Министерот Димитар Димитров ја прифатил забелешката и донел одлука по брза постапка, да се изврши амандманска измена во Законот за култура.

На седницата на Советот за култура присуствувале тројца регистрирани самостојни уметници: Делчо Михајлов, Бодан Арсовски и Новица Трајковски, по покана на Министерството. Хаџи Наумов инсистирал - со поддршка на присутните - да се изврши измена на нормирањето на самостојните уметници во Законот за култура. Во иницијативата се предлага да се направат правилници и законски акти за регулирање на правните обврски и критериуми за тие што ќе конкурираат за статусот индивидуалниот уметник, нивната позиција да се дефинира преку измени и дополнувања на Законот, а сето тоа како интерес на државата, изразен преку Националната програма.



Дали заедно со името ќе се смени и статусот - Бодан Арсовски, еден од шеесетината самостојни уметници

Наумов предложил и организациската поставеност за следење на пропишаните нормативи. Според него, треба да се формира агенција при Министерството, која ќе го следи спроведувањето на прописите што се однесуваат на самостојните уметници.

Министерството за култура имаше обврска во рок од 6 месеци, по донесувањето на Законот за култура, да донесе Правилник за надоместоци за самостојните уметници. Правилникот е готов уште од мај и до денеска стои во фиоката на министерот Димитров. Правилникот се најде на дневен ред и на Советот за култура уште пред четири месеци, но министерот не го потпишал.

Со новиот Правилник самостојните уметници се рамноправни со институциите, односно можат да увезуваат без царина и со даночни ослободувања. Правилникот предвидува самостојните уметници да имаат дел од буџетот наменет за култура, а кој колку пари ќе добие да се решава по пат на конкурс. Ако оствари самостојниот уметник профит до 30.000 ГМ, се ослободува од данок. Исто така е предвидено уметниците бесплатно да добијат простории за сликање, вежбање, во зависност од дејноста со која се занимаваат и да им се овозможи бесплатно презентирање на своите дела на сметка на државата. Но, Правилникот никогаш не стигна до самостојните уметници.

Нивниот статус е утврден со Законот за трговски друштва и Законот за култура. При составувањето на Законот за култура, тогашното Министерство сметаше дека тие ќе мора да се регистрираат како трговци-поединци, слично како и илјадници други субјекти, регистрирани под тој назив.